Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт, на ден _______________ година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на пристапен пат и подземни електрични 35кВ водови за приклучок на фве до постоечка трансформаторска станица „ТС Штип 2" 110/35/10кВ, Општина Штип, кој се носи согласно Законот урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на пристапен пат и подземни електрични 35кВ водови за приклучок на фве до постоечка трансформаторска станица „ТС Штип 2" 110/35/10кВ, Општина Штип, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на урбанистичкиот проект ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отворање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-899/10
Датум: 07.11.2024 година
Место: Скопје

МИНИСТЕР
АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ